**СТУДИИ НА СЛУЧАЈ – КРИВИЧНО ПРАВО**

**(КАЗНЕНО МАТЕРИЈАЛНО И ПРОЦЕСНО ПРАВО)**

1. Случена е тешка кражба во продавница. Кривичното дело е случено на тој начин што сторителот со употреба на тап тврд предмет го скршил стаклото, се прекачил преку прозорецот од продавницата, влегол внатре, извршил претурање и одезел повеќе штеки со цигари. Потоа се упатил во непознат правец. На местото на настанот пронајдени се траги од папиларни линии, траги од крв и траги од текстилни влакна

2. Случено е кривично дело убиство на отворен простор, при што двајца осомничени со употреба на огнено оружје стрелале кон друго лице и му нанеле смртни огнострелни повреди. На местото на настанот се пронајдени: 6 чаури, два проектили, траги од крв, констатирани биле механички оштетувања на едно возило кое било во близина на настанот.

3. Случено е кривично дело разбојништво со смртни последици, на тој начин што најмалку едно н.н. лице насилно влегло во куќа на ул.Рузвелтова број 67 во Кавадарци, во која во тој момент бил само сопственикот. Осомничениот со употреба на физичка сила и тврд предмет го совладало лицето (жртвата на разбојништво) и со повеќе удари му нанело смртни повреди во предлеот на главата, по што му ги облепил рацете и нозете со селотејп трака. Потоа извршил пребарување на куќата при што одземал поголема количина на пари и други вредни предмети.

   При увидот на лице место на повеќе локации пронајдени се повеќе материјални траги и предмети и тоа: тапотврдиот предмет кој најверојатно бил искористен за нанесување на ударите врз жртвата; траги од крв; траги од папиларни линии, траги од влакна, селотејп трака со која биле облепени рацете и нозете на жртвата, траг од обувка испред влезната врата, брисеви за ДНК обезбедени од повеќе локации.